| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Оделение за урбанизам-Општина Неготино |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Неготино |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Параметар ДООЕЛ - Скопје<br>Трговско друштво за проектирање<br>Инженеринг градба и консалтинг |
| Назив на работното место | Дипломиран инженер архитект |
| Контакт податоци за лицето | Методи Хаџи-Андов д.и.а<br>070221278 |

| **Основни податоци за планскиот документ** |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот. Една од планските определби утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина од 34,6 ha наменета за изградба на предвидените стопански објекти. Концепцијата на решението произлегува од постојнатасостојба и увидот на лице место. |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| Да☒<br>Не☐ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| УПВНМ за лесна индустрија на КП 556 дел, 678 дел, 680, 681 дел, 762, 1001, 1006/2 дел и 4178 дел КО Криволак, КО Црвени Брегови 2 и КО Неготино со одлука од Совет на општина Неготино бр. 08-555/3 од 15.11.2018 година. |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| Да,Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |

| Да ☐<br>Не ☒ | Член: | Точка: | Алинеја: |
|---|---|---|---|

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| Да, во рамки на планскиот опфат се планираат содржини кои спаѓаат во следните групи на класи на намени: Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија; Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори; Г4 - Стоваришта, складови и отпади; Е1 - сообраќајни, линиски и други инфраструктури, односно Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдувањето Е1.6 – Канализациски инфраструктури - фекална и атмосферска Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија Е1.9 – Телекомуникациски водови Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани. |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Да. Површината на планскиот опфат изнесу 34,6 ha |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Целта на изработката на Урбанистичкиот план вон населено место е да се создадат услови за просторен економски развој на овој плански опфат за кој моментално постои планска документација, одобрен Урбанистички план вон населено место за лесна |

| |
|---|
| индустрија на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681/1, КП681/2, КП681/3дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени брегови 2 и К.О. Неготино. Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино има за цел да го задржи претходниот концепт со измена на намената на одредени делови од планскиот опфат и ширината на профилите на новопланираните улици кои како категоризација и местоположба се превземени од одобрениот УПВНМ. Како подлоги за оваа техничка документација се користен одобрен УПВНМ за лесна индустрија на КО бр. 556дел, 678дел, 679дел, 680, 681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел, КО Криволак, КО Црвени Брегови 2, КО Неготино.<br>Концепцијата за развој и разместеност на индустријата утврдена со "Просторниот план на Република Македонија" е поствена врз основа на повеќе цели и плански определби од кои релевантни за Условите за планирање на просторот за изработката на Урбанистичкиот план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4- стоваришта, КО Криволак, општина Неготино, се следните: – вклучување на еколошките преференци во развојот на индустријата и нејзина алокација и разместување; – развојот на индустријата во поголема мера да се потпира врз примена на достигнувањата на науката и на техничко-технолошкиот прогрес и иновации во технолошките процеси; – технолошко преструктурирање, во склад со барањата за модернизација и реконструкција на индустријата; – стратегија на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 5г. |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| 5г. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Граници на планскиот опфат се: - на север границата се движи кон исток по границата на КП бр. 678 со КП 510/2, КП 511, КП 524/1, КП 677/1, КП 674, КП 672, КП 667/3, КП 667/2, КП 666, КП 663 и КП 662 КО Криволак од запад кон исток; -на североисточна страна опфатот минува низ границата меѓу КП 682 и КП 681/1 КО Криволак; - потоа се прекршува икон југоисток и минува низ границата на КП 681/1 и КП 752/1 КО Криволак; -границата на опфатот се прекршува кон северозапад и минува низ границата на КП 681/1 и КП 683/2 КО Криволак; -повторно се прекршува кон југозапад и минува низ границата на КП 681/1 и КП 683/2 и КП 683/4 КО Криволак; -продолжува кон југоисток низ границата на КП 681/1 и КП 683/4 КО Криволак; -се прекршува кон југ и од југоисточната страна минува низ КП 1006/2 и во најјужниот дел низ КП 1000/1 и КП 4178/1 КО Неготино; -се прекршува кон северозапад и минува низ КП 4178/1 КО Неготино, потоа низ КП 556 КО Црвени Брегови 2;. |

| |
|---|
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

<table>
<tr><td colspan="2">Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП678,КП679, КП680, дел од КП681, КП762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 Ко Неготино, Општина Неготино потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основаДа се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена. Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина. Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата;</td><td>Времетрањето на влијанијата врз животната средина се краткотрајни само во фаза на изградба на објекти, со мал интензитет заради природата на дејностите кои се одвиваат во нив.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Не се очекуваат значајни влијанија врз животната средина , животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на проектни содржини - објекти со класа на намена Г2-лесна индустрија не спаѓаат во група на директни загадувачи на животната средина , животот и здравјето на луѓето.Заштитата на животната средина е императив на овој план.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата;</td><td>Нема</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>Во планскиот опфат се предвидени објекти , за кој што не се употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра, а на третираниот плански опфат опфатени се потребните превентивни мерки за заштита со планираните урбанистички решенија во плански опфат и превидената примена на техничките нормативи</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | при понатамошната фаза на проектирање и изградба на планираните објекти во истиот. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Границата на планскиот опфат на Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП678, КП679, КП680, дел од КП681, КП762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 Ко Неготино, Општина Неготино е со површина од 345637.5 м2 или 34,56 ха. Според податоците од "Пописот на населението, домаќинствата и становите" спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во општината Неготино на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 19.212 жители, од кои 45.5% претставува расположива работна сила која е значаен потенцијал за идниот развој на овој крај. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Реализацијата на Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП678,КП679, КП680, дел од КП681, КП762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 Ко Неготино, Општина Неготино се надоврзува на одобрениот Урбанистичкиот план вон населено место за лесна индустрија на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681/1, КП681/2, КП681/3дел, 762,1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2,К.О. Неготино, Општина Неготино и ќе биде во функција на развој на локалната економија и согласно определбите на Просторниот план на Р.Македонија треба да биде поставена врз принципите за заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој. Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.Планскиот документ го поддржува концептот, кој нуди квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој, а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина . | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Не се очекува | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на "Просторниот план на Република Македонија" на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. |

| | |
|---|---|
| | Констатирано е дека во рамки на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. Доколку при реализација на планот дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на Р.М. бр. 20/04, 115/07, 18/11 и 148/11). |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекуваат. Тие ќе бидат следени од страна на надлежни органи. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Согласно "Просторниот план на Република Македонија",предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон.Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште и ограничување на трансформација на земјиштето од I – IV класа во неземјоделско земјиште, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Предметната локација зафаќа земјоделско земјиште под пасишта и ниви.Со овој Урбанистички план се предвидуваат наменски употреби на земјиштето дефинирани според Член 77 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ број 225/20, 219/21,104/22, 99/23) |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Не се евидентирани. |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Со Деталниот урбанистички план се дефинира намената на земјиштето во планскиот опфат во кој се дефинирани услови за градење во планскиот опфат.

Изградба на новопредвидени градби во рамките на површините за градба, ќе се вршат во согласност со условите за градба и одобрената урбанистичко- техничка документација од надлежниот орган, базирана на законската и подзаконска регулатива во областа на урбанизмот, заштита на животната средина и техничките прописи во градежништвото.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Во дефинирање на просторната организација на планот важно е дефинирање на

| |
|---|
| сообраќајната мрежа, потребите за енергија, водоснабдување, одведување на урбани отпадни води преку почитување на законската регулатива.Просторната организација на планот, ќе се вршат во согласност со условите за градба и одобрената урбанистичко- техничка документација од надлежниот орган, базирана на законската и подзаконска регулатива во областа на урбанизмот, заштитата на животната средина,техничките прописи во градежништвото.Предметната локација навлегува во заштитната зона на леталиштето Црвени Брегови. При изработка на планската документација, од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се почитува заштитната зона на леталиштето, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>**Со донесување на планот ќе се обезбеди повисока организација на просторот,инфраструктурна доопременост, а со негово имплементирање не се очекуваат значајни влијанија врз животната средина.** |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>**Не се очекуваат значајни еколошки проблеми** |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Во третираниот плански опфат се опфатени следните катастарски парцели дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, КП678, КП679, КП680, дел од КП681/1, КП681/2, КП681/3, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 КО Неготино. За опфатот постои донесен Урбанистички план вон населено место за лесна индустрија на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681/1, КП681/2, КП681/3дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени брегови 2 и К.О. Неготино донесен со согласност од Министерство за транспорт и врски со арх. Број 11-84/25 од 10.10.2018 години,со истиот опфат кој е предмет на оваа техничка документација за Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино. Парцелите КП 681/1,КП 681/2, КП 681/3, КП 762, КО Криволак се формирани со физичка делба на КП 681 КО Криволак која била предмет на Одобрениот УПВНМ кој е доставен во прилог, преку реализација на истиот УПВНМ. За опфатот постои и донесен соседен Урбанистички план вон населено место за Стопански комплекс за откуп, складирање, преработка и дистрибуција на земјоделски производи, КП 1000, К.О. Неготино. Овој план е донесен со одлука бр. 07-437/4 од 13.09. 2012, опфатот на истиот се наоѓа јужно од предметната локација. По барање на ЕЛС Неготино од Агенцијата за планирање на просторот изработени се Услови за планирање на просторот, со тех. Број |

<table>
<tr><td colspan="2">08416, од мај 2016. Министерството за животна средина и просторно планирање, има донесено Решение за услови за планирање на просторот, под број 15 –4001/2 , од 24.06. 2016 година.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Има спроведено претходна оценка,согласно најновите сознанија за влијаније врз животната средина и може истрата да се користи во процесот на усвојување на постоечки плански документ.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Сите можни влијанија ќе се земат во предвид при реализација на планот, како и при издавање на одобренија за градење со обезбедување на услови за контрола на влијанијата.</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td>Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td>Функција, име и презимеи потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Градоначалник на Општина<br>Горан Стојанов</td></tr>
<tr><td>Датум 20.06.2024<br>Место Неготино</td><td>М.П.</td></tr>
</table>